Хорхе Луис Борхес

# КНИГА ЗА ИЗМИСЛЕНИТЕ СЪЩЕСТВА

Изданието е финансиски поддржано од Министерството за култура на Република Македонија

БИБЛИОТЕКА – *ARS MAGNA*

Главен уредник
*Филип Димевски*

Наслов на оригиналот
*Jorge Luis Borges,*
*EL LIBRO DE LOS SERES IMAGINARIOS*

**Copyright © 1995, Maria Kodama**
**All rights reserved**

Превод од шпански јазик
*Ненад Велковски*

*Лектура*
*Ирена Ралева*

Јазична редакција
*Андреј Јованчевски*

Компјутерска обработка
*БЕГЕМОТ*

Ликовно уредување
*Бојан Димитријевиќ*

---

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ
Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

*Хорхе Луис Борхес*

# КНИГА ЗА ИЗМИСЛЕНИТЕ СУШТЕСТВА

Бегемот

Скопје, 2018

СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР ..... 7
А БАО А КУ ..... 9
АБТУ И АНЕТ ..... 11
АМФИСБЕНА ..... 12
АНГЕЛИТЕ НА СВЕДЕНБОРГ ..... 14
АНТИЛОПИТЕ СО ШЕСТ НОЗЕ ..... 16
БАЛДАНДЕРС ..... 17
БАНШИ ..... 19
БАСИЛИСК ..... 20
БАХАМУТ ..... 23
БЕГЕМОТ ..... 25
БОРАМЕЦ ..... 28
BROWNIES ..... 29
БУРАК ..... 30
ВАЛКИРИ ..... 32
ВКРСТЕНО ЖИВОТНО ..... 34
ВЛАКНЕСТАТА ОД ЛА ФЕРТЕ-БЕРНАР ..... 37
ГАРУДА ..... 39
ГНОМИ ..... 41
ГОЛЕМ ..... 42
ГРИФОН ..... 45
ДВЕ МЕТАФИЗИЧКИ ЖИВОТНИ ..... 48
ДВОЈНИКОТ ..... 51
ДЕМОНИ ОД ЈУДАИЗМОТ ..... 53
ДЕМОНИТЕ НА СВЕДЕНБОРГ ..... 54
ДУХОВИ ..... 55
ЕДНОРОГ ..... 57
ЕЛОИ И МОРЛОЦИ ..... 60
ЕЛФИ ..... 61
ЖИВОТНИ ОД ОГЛЕДАЛАТА ..... 62
ЖИВОТНО ШТО ГО СОНИЛ К. С. ЛУИС ..... 64
ЖИВОТНО ШТО ГО СОНИЛ КАФКА ..... 67
ЖИВОТНО ШТО ГО СОНИЛ ПО ..... 68
ЗМЕЈ ..... 70
ЗМЕЈОТ НА ЗАПАД ..... 73
ИКТИОКЕНТАУРИ ..... 76
YOUWARKEE ..... 77
КАМИ ..... 78
КАТОБЛЕПАС ..... 80
КЕНТАУР ..... 82
КЕРБЕР ..... 85
КИНЕСКА ФАУНА ..... 87
КИНЕСКА ЛИСИЦА ..... 90
КИНЕСКИ ЕДНОРОГ ..... 92
КИНЕСКИ ЗМЕЈ ..... 95
КИНЕСКИ ФЕНИКС ..... 98
КРАКЕН ..... 100
КРОКОТИ И ЛЕВКРОКОТИ ..... 102
КУЈАТА ..... 103
ЛАМИИ ..... 104
LAMED WUFNIKS ..... 105
ЛЕМУРИ ..... 106
ЛИЛИТ ..... 107
МАГАРЕТО СО ТРИ НОЗЕ ..... 108
МАЈКАТА НА ЖЕЛКИТЕ ..... 110
МАЈМУНОТ ОД КИНЕСКОТО МАСТИЛО ..... 112
МАНДРАГОРА ..... 113
МАНТИХОРА ..... 115
МЕСЕЧЕВИОТ ЗАЈАК ..... 117
МИНОТАУР ..... 119

МИРМЕКОЛЕОН ........................................................................................ 121
МОНОКЛИ ................................................................................................ 123
МОНСТРУМОТ ХАРОН ............................................................................ 126
МОРСКИ КОЊ ......................................................................................... 129
НАГИ ....................................................................................................... 132
НЕБЕСНИОТ ЕЛЕН ................................................................................. 134
НЕБЕСНИОТ ПЕТЕЛ ............................................................................... 135
НЕСНИ ...................................................................................................... 136
НИМФИ .................................................................................................... 137
НОРНИ ..................................................................................................... 138
ОГНЕНИОТ КРАЛ И НЕГОВИОТ КОЊ ................................................... 139
ОДРАДЕК ................................................................................................. 141
ОСУМКРАТНАТА ЗМИЈА ....................................................................... 144
ОЧИГАН ................................................................................................... 146
ПАНТЕРОТ .............................................................................................. 147
ПЕЛИКАНОТ ........................................................................................... 149
ПЕРИТОН ................................................................................................. 151
ПИГМЕЈЦИ .............................................................................................. 154
ПРАСЕ СО СИНЏИРИ .............................................................................. 155
ПРОГОЛТУВАЧОТ НА СЕНКИТЕ ..........................................................156
ПТИЦАТА РОК ......................................................................................... 158
ПТИЦАТА ФЕНИКС ................................................................................ 160
ПТИЦАТА ШТО ГО ПРЕДИЗВИКУВА ДОЖДОТ ................................... 163
РАМНАЧОТ .............................................................................................. 164
РЕМОРА ................................................................................................... 166
РЕПТИЛОТ ШТО ГО СОНИЛ К. С. ЛУИС ............................................... 168
САЛАМАНДЕР ........................................................................................ 170
САМОВИЛИ ............................................................................................. 174
САРАТАН ................................................................................................. 176
САТИРИ ................................................................................................... 179
СИЛФИ ..................................................................................................... 180
СИМУРГ ................................................................................................... 181
СИНОТ НА ЛЕВИЈАТАН ......................................................................... 183
СИРЕНИ ................................................................................................... 184
СКВОНК .................................................................................................. 187
СЛОНОТ ШТО ГО ПРЕДВИДЕЛ РАЃАЊЕТО НА БУДА ........................ 189
СТОГЛАВАТА .......................................................................................... 190
СФЕРНИ ЖИВОТНИ ................................................................................ 191
СФИНГА ................................................................................................... 193
СЦИЛА ..................................................................................................... 195
Т’АО-Т’ИЕ ................................................................................................ 196
ТАЛОС ..................................................................................................... 197
ТЕРМИЧКИ СУШТЕСТВА ...................................................................... 199
ТИГРИТЕ ОД АНАМ ................................................................................ 201
ТРОЛОВИ ................................................................................................ 203
УРОБОРОС .............................................................................................. 204
ФАСТИТОКАЛОН ................................................................................... 206
ФАУНА НА СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ ....................... 208
ХАНИЕЛ, КАФЗИЕЛ, АЗРИЕЛ И АНИЕЛ ............................................... 210
ХАОКА, БОГ НА ГРМОТЕВИЦИТЕ ........................................................ 213
ХАРПИИ .................................................................................................. 214
ХИДРАТА ОД ЛЕРНА ............................................................................. 216
ХИМЕРА .................................................................................................. 218
ХИПОГРИФ .............................................................................................. 220
ХРОНОС ИЛИ ХЕРКУЛ ........................................................................... 223
ХУМБАБА ............................................................................................... 225
ЧЕШИРСКАТА МАЧКА И МАЧКИТЕ ОД КИЛКЕНИ .............................. 227

# ПРЕДГОВОР

*Насловот на оваа книга ќе ги оправда вметнувањата на принцот Хамлет, на точката, на линијата, на површината, на хиперкубот, на сите општи зборови и, можеби, на секој еден од нас и на Господ. Начелно, на речиси целиот свет. Како и да е, прибегнавме кон она што веднаш го навестува изразот „измислени суштества“. Составивме прирачник за чудните суштества што ги има создадено, во текот на времето и во просторот, фантазијата на луѓето.*

*Не ја познаваме смислата на змејот, како што не ја познаваме ниту смислата на светот, но има нешто во неговиот изглед што се совпаѓа со имагинацијата на луѓето, па така змејот се појавува на различни места и во различни времиња.*

*Една книга со ваква природа мора да е непотполна; секое ново издание е јадро за идни изданија, а може да ги има во бесконечен број.*

*Го покануваме евентуалниот читател од Колумбија или од Парагвај да ни ги испрати имињата, веродостојниот опис и најзначајните навики на локалните монструми.*

*Како и сите антологии, како неисцрпните томови на Роберт Бартон, на Фрејзер или на Плиниј,* Книгата за измислените суштества *не беше напишана за консекутивно читање. Би сакале љубопитните да ја отвораат како некој што си игра со променливите форми што ги создава еден калеидоскоп.*

*Безбројни се изворите за оваа „збирка лекции"; ги забележавме во секоја статија. Секој несакан пропуст нека ни биде простен.*

Х. Л. Б. / М. Г.
*Мартинес, септември, 1967 година*

# А БАО А КУ

За да се набљудува најубавиот пејзаж на светот, треба да се дојде до последниот кат на Кулата на победата во Читоргарх. Таму има една кружна тераса што овозможува да се види целиот хоризонт. Вртени скали водат до терасата, но се осмелуваат да се качат само тие што не веруваат во бајката, која вели вака:

„На скалите на Кулата на победата живее, уште од почетокот на времето, А Бао А Ку, суштество, чувствително на вредностите на човечките души. Живее во летаргична состојба, на првото скалило, и се враќа во живот само кога некој се качува по скалите. Вибрацијата од човекот што се приближува му вдахнува живот и во него се наѕира една внатрешна светлина. Во исто време, неговото тело и неговата речиси проѕирна кожа почнуваат да се движат. Кога некој се качува по скалите, А Бао А Ку се пика во петиците на посетителот и се качува закачувајќи се на работ на кривите скалила назабени

од стапките на генерации и генерации патници. На секое скалило се зајакнува неговата боја, неговата форма се усовршува и светлината што ја зрачи станува сè посјајна. Сведоштво за неговата чувствителност е фактот дека својата совршена форма ја добива дури на последното скалило, кога тој што се качува е веќе духовно еволуирано суштество. Ако не се случи тоа, А Бао А Ку останува како парализирано пред да стаса, неговото тело е нецелосно, неговата боја – неопределена, а неговата светлина е колеблива. А Бао А Ку страда кога не може целосно да се оформи и неговата жалба е еден одвај забележлив шум, сличен на допирот на свилата. Но, кога мажот или жената што го оживуваат се полни со чистота, А Бао А Ку успева да стаса до последното скалило, веќе целосно оформено и зрачејќи жива, сина светлина. Неговото враќање во живот е многу кратко, зашто кога патникот ќе слезе, А Бао А Ку се истркалува и паѓа до првото скалило, каде што, веќе згаснато и слично на нишка со нејасни рабови, го чека следниот посетител. Може да се види убаво само кога стасува до половината на скалите, каде што продолжетоците на неговото тело, кои во форма на мали раце му помагаат да се качува, јасно се дефинираат. Има луѓе што велат дека гледа со целото тело и дека на допир потсетува на кората од праска.“

Во текот на вековите, А Бао А Ку само еднаш има стасано до совршенството.

Капетанот Бартон ја запишува легендата за А Бао А Ку во една од забелешките на својата верзија на *Илјада и една ноќ*.

## АБТУ И АНЕТ

Според митологијата на Египќаните, Абту и Анет се две идентични свети риби што пливаат пред бродот на Ра, богот на Сонцето, за да го предупредат за секаков вид опасност. Преку ден, бродот патува по небото, од изгрејсонце до зајдисонце; ноќум, под земја, во спротивна насока.

# АМФИСБЕНА

*Фарсалија* ги наведува вистинските или имагинарните змии со кои се соочиле војниците на Катон во пустините на Африка; таму се Парка „која, исправена како стап, се движи“ и Јакул, кој се движи низ воздухот како стрела и „страшната Амфисбена, која има две глави“. Речиси со исти зборови ја опишува Плиниј, кој додава: „небаре едната не ѝ е доволна за да го испушти својот отров“. *Тезаурус* од Брунето Латини – енциклопедијата што овој му ја препорачал на својот поранешен ученик во седмиот круг на Пеколот – е помалку осудувачки и појасен: „Амфисбена е змија со две глави, едната на место, а другата на опашката; со обете може да касне и се движи со леснотија, а очите ѝ болскотат како свеќи“. Во XVII век, сер Томас Браун забележал дека нема животно без долу, горе, напред, назад, лево и десно и негирал дека може да постои Амфисбена, кај која обата краја се предни. Амфисбена, на грчки јазик, значи „што оди во два правци“. На Ан-

тилите и во некои региони на Америка, името се користи за еден влекач што е општо познат како „двоен одач“, како „двоглава змија“ и како „мајка на мравките“. Се вели дека мравките ја одржуваат. Исто така, се вели дека ако ја пресечат на два дела, деловите ќе се спојат.

Лековитите својства на Амфисбена му биле познати уште на Плиниј.

# АНГЕЛИТЕ НА СВЕДЕНБОРГ

Во текот на последните дваесет и пет години од својот студиозен живот, еминентниот научник и филозоф Емануел Сведенборг (1688 – 1772) живеел во Лондон. Бидејќи Англичаните се молчаливи, му станала секојдневна навика да зборува со демони и ангели. Господ му дозволил да ги посетува задгробните простори и да разговара со нивните жители. Христос беше рекол дека душите, за да влезат во рајот, треба да се праведни; Сведенборг додал дека треба да се интелигентни; Блејк подоцна ќе се согласи дека треба да се уметнички. Ангелите на Сведенборг се душите што го одбрале Рајот. Можат да не изустат ниту збор; доволно е еден Ангел да помисли на друг за да дојде до него. Двајца луѓе што се сакале на земјата сочинуваат само еден Ангел. Нивниот свет е воден од љубовта; секој Ангел е еден Рај. Нивната форма е формата на едно совршено чо-

вечко суштество; таа на Рајот исто така. Ангелите можат да гледаат на север, на југ, на исток или на запад; секогаш ќе се гледаат со Господ лице в лице. Пред сè друго се теолози; нивната најголема забава се молитвата и разговорите за духовни проблеми. Нештата на земјата се симболи на нештата во Рајот. Сонцето му соодветствува на Господ. Во Рајот не постои времето; изгледот на нештата се менува според душевната состојба. Одеждата на Ангелите болскоти во зависност од нивната интелигенција. Во Рајот, богатите се уште побогати од сиромашните, зашто се навикнати на богатството. Во Рајот, предметите, мебелот и градовите се поконкретни и посложени од тие на нашата земја; боите – поразнолики и поживи. Ангелите со англиско потекло се склони кон политика; Евреите – на трговија со накит; Германците носат книги што ги консултираат пред да одговорат. Бидејќи муслиманите се навикнати на обожавањето на Мухамед, Господ ги има снабдено со еден Ангел, кој симулира дека е Пророкот. Луѓето со сиромашен дух и аскетите се исклучени од уживањата во Рајот зашто не би ги разбрале.

# АНТИЛОПИТЕ СО ШЕСТ НОЗЕ

Велат дека коњот на богот Один, Слејпнир, има осум нозе, крзното му е сиво и се движи по земјата, по воздухот и по пеколот; еден сибирски мит им припишува шест нозе на примитивните Антилопи. Со такви квалитети било тешко, или невозможно, некој да ги втаса; божествениот ловец Тунк-пој направил специјални лизгалки од едно свето дрво што постојано крцкало и што му го откриле лаежите на еден пес. И лизгалките крцкале и се лизгале со брзината на стрела; за да го задржи или забави нивното движење, морал да им стави потпетици направени од друго волшебно дрво. По целото небо Тунк-пој ја следел Антилопата. Таа, преморена, паднала наземи и Тунк-пој ѝ ги отсекол задните нозе.

„Луѓето“, рекол, „се сѐ помали и послаби. Како би можеле да уловат Антилопи со шест нозе кога одвај јас успевам во тоа?“

Од тој ден, Антилопите се четвороножни.